*РИСТО КАНТАРЏИЕВ*

# ОТВОРАЊЕ НА НАРОДНИ УЧИЛИШТА ВО СТРУМИЧКО И СТРУМИЦА ВО 60-ТЕ И 70-ТЕ ГОДИНИ НА XIX ВЕК

Од средината на XIX век, освен во градовите, народни училишта, со настава на мајчин јазик, почнуваат да се отвораат и во селата во Македонија. Како просветни и културни центри — жаришта на словенската писменост и просвета, градовите вршеле силно влијание на својата околина. Тоа влијание сѐ повеќе се чувствувало во начинот на животот на околните села и наоѓало одраз во нивниот просветно-културен живот. Движењето за нова просвета и образованост, ги зафаќа токму селата од околината на оние градови, кои порано се здобиле со световни училишта и се ослободиле од грчкото духовно и просветно влијание. Такво, просветно-културно влијание вршеле на својата околина Скопје, Велес, Прилеп, Штип, Кукуш, Солун и други градови. Оттука и појавата на првите световни народни училишта во селата во нивните околии.

Меѓутоа,некои села во Македонија порано се здобиле со народни училишта и од градовите. Тоа биле села кои порано ја започнале црковно-просветната борба за слобода од грчкото духовно ропство, и тоа села, главно, од околината на оние градови, во кои и во 60-те и 70-години на минатиот век грцизмот доминирал во нивниот духовен и просветно-културен живот. Така, некои села од струмичка околија отвориле народни училишта порано од градот Струмица, која тогаш била сестрано повлијаена од грцизмот и речиси во текот на целиот XIX век претставувала негов силен центар.

Како и некои други македонски градови, особено во јужна Македонија, Струмица била изложена на грчкото влијание во текот на многу векови. Тоа влијание особено се засилило во почетокот на XIX век. Имено од ова време започнува систематска, планска и организирана дејност на денационализирањето и потполното елинизирање на словенското население во градот и неговата околина. Центар на грчката пропаганда била грчката митрополија, која во спроведувањето на елинистичката политика ја имала широката поддршка не само на месната грчка буржоазија, која ги држела економските и општествените позиции во градот, туку и на прогрчки ориентираното македонско граѓанство. Во рацете на грчкиот

Објавено во „Акта Велјуса“, книга 2, Скопје 1984.

митрополит била сета духовна власт на народното образование. Тој ги поставувал свештениците и учителите, ги отворал и затворал црквите и училиштата во Струмичката епархија. Користејќи ја благонаклоноста на месната турска власт во остварувањето на елинистичките стремежи, грчкиот митрополит преземал општо гонење против сето што е словенско — јазик, книжнина, обичаи, традиции. Во тој поглед особено се пројавил митрополитот Јеротеј, кој жестоко се пресметувал со секој обид богослужбата во црквите да се изведува на словенски јазик и да се отвораат народни училишта, со настава на мајчин јазик. Во ширењето на грчката пропаганда и остварувањето на елинистичките цели тој се служел со секакви можни средства и методи — интриги, клевети, анатеми, прогонувања и др. Но најефикасно средство биле секако грчките училишта, кои во текот на XIX век многу придонесле за ширењето на грчкиот јазик, грчката просвета и образование и за елинизирањето на словенското население. Постојат веродостојни податоци за тоа дека во Струмица грчки училишта имало уште во првата половина на XIX век. Кога рускиот учен славист Виктор Григорович на своето патување по Македонија во 1845 година ја посетил Струмица, констатирал дека во овој наш град постоело само грчко училиште, кое било отворено веројатно порано. Тоа по својот карактер било световно училиште — единствено такво училиште тогаш во Струмица.

Меѓутоа, освен во Струмица, во првата половина на XIX век световни грчки училишта имало и во други градови на Македонија. Отпрвин такви училишта се отвориле во градовите на јужна Македонија и во оние градови на западна Македонија, во кои грчкото влијание проникнало уште порано (Охрид), а подоцна, и во други градови, особено во оние во кои имало грчко или погрчено влашко население (Битола, Струга, Ресен, Прилеп, Крушево и др.). Овие училишта се отвориле по образец на реформираните световни училишта тогаш во Грција и во нив наставата се изведувала на грчки јазик. Грчките училишта суштествено се разликувале од тогашните општински ќелијни училишта во нашите градови. Тие биле поуредени, во нив се предавале предмети со световна содржина, имале поподготвен наставнички кадар и воопшто стоеле на повисоко образовно ниво од ќелијните училишта. И макар што наставата во нив се изведувала на грчки јазик, тие биле посетувани не само од децата на грчкото и погрченото влашко население, туку и од децата на македонските чорбаџии гркомани и позакрепнатите македонски трговци и занаетчии. Последните ги праќале своите деца во грчки училишта од чисто практични интереси — за да го научат грчкиот јазик зашто знаењето на овој јазик било неопходно за успешно водење на трговијата.

Од средината на XIX век дејноста на грчката пропаганда во ширењето на грчкиот јазик, грчката просвета и образование во Струмица бележи постојан подем. Имајќи ја материјалната поддршка на грчката трговска буржоазија и македонските гркомани, а користејќи се со средствата на грчката митрополија и од други извори, таа

успеала до 1873 година да отвори во Струмица 3 грчки основни училишта а во 80-те години и една неполна грчка гимназија. Овие училишта многу придонесле за елинизирањето на македонското население во градот.

Создавајќи од Струмица центар на грцизмот, грчката пропаганда во текот на втората половина на XIX век вложи огромни усилби за да го прошири своето влијание и на селата во нејзината околина. Таа особено ја засили својата дејност во 50-те и 60-те години, во времето кога во селата на Струмичката епархија македонското население сè повеќе поодредено и посилно го манифестирало чувството и свеста за својата народност и во некои од нив почнале да се отвораат училишта на мајчин јазик, а во црквите богослужбата да се изведува на словенски јазик. Но под влијание на грчката пропаганда потпаднале само неколку струмички села и само во некои од нив таа успеала да отвори свои училишта и цркви. Така, во 1840 година била отворена грчка црква и училиште во селото Колешино; во 1856 година училиште, а во 1862 година и црква во селото Куклиш; во 1865 година училиште и црква во селото Габрово, а во 1874 година и во селото Мокриево. Потребно е сепак да се наспомне дека акцијата на грчката пропаганда во ширењето на своето духовно и просветно влијание во селата на Струмичката епархија била по својот опсег и длабочина ограничена, зашто наидувала на енергичен отпор од компактното словенско население во овие села.

Додека во Струмица уште во првата половина на XIX век била сестрано повлијаена од грцизмот и имала речиси грчка физиономија, мнозинството од струмичките села останале незасегнати од дејноста на грчката црковно-просветна пропаганда и успеале да го зачуваат својот словенски карактер. За да се спротивстават на ширењето на елинизмот, одделни села со свои средства изградиле цркви и училишта, во кои богослужбата се изведувала на црковно-словенски, а наставата на мајчин јазик. Веќе во 1842 година селаните на Ново Село имале своја новоизградена црква, а во 1850 година и училиште; во селото Робово 1863 година училиште и црква и во селото Попчево 1866 година училиште и црква. Потоа народни училишта се отвориле во селата: Даблија, Василево, Муртиново, Босилово, Водоча и Моноспитово. Училиштата во овие села одиграле значајна улога во ширењето на словенската писменост и просвета и под нивното влијание се отвориле народни училишта и во други села во срумичка околија.

Борбата што македонското граѓанство ја поведе кон средината на XIX век за духовна еманципација од Цариградската патријаршија, за просветно-културна и национална самостојност на македонскиот народ, најде широк одѕив не само кај градското туку и кај селското население. Под влијанието на одделни градови, кои во тоа време беа центри на преродбенското движење, голем број села ја започна борбата за своја духовна и економска слобода од фанариотското ропство. За струмичките села тогаш Струмица, која беше потонала во грцизмот, не беше таков центар, туку пооддалечените

македонски градови, како Велес, Штип, Кукуш, Серес, Солун и др. Врските на некои од струмичките села со овие градови, посебно со Велес и Штип, кои имаа развиен просветно-културен живот, беа од големо значење за нивната преродба. Но, од значење за нив беа секако и врските со Кукуш, во кој од 1857 до 1859 година беше учител нашиот истакнат преродбенски деец Димитрија Миладинов, со Стефан Верковиќ во Серес, од кого добиваа црковни и училишни книги ,како и со Солун, кој во тоа време ја играше улогата на духовен центар на Македонските Словени (печатницата на Т. Синаитски, печатницата на К. Држилович, Ѓорѓи Динков — основач на македонската општина, Славка Динкова — првата македонска учителка).

Поттикнати и морално поддржувани од истакнати дејци на преродбата од споменатите македонски градови, некои од струмичките села од средината на XIX век почнуваат да отвораат свои училишта, со настава на мајчин јазик. До отворање на народно училиште најпрвин дошло во напредното и богатото струмичко Ново Село. Неговите селани во 1850 година со свои средства изградиле училиште и во наставата го вовеле мајчиниот јазик. Не е познато кој бил првиот учител и каков бил карактерот на училиштето. Меѓутоа, важно е да се истакне дека обидите на грчкиот владика и гркоманите од Струмица училиштето да го потчинат под своја власт претрпеле неуспех.

Десет години подоцна од отворањето на училиштето во Ново Село — во март 1860 година било отворено народно училиште и во селото Робово. Училиштето во ова село било отворено на иницијатива на родољубивиот селски првенец Мицо Карацата, кој по препорака на браќата Раниникови од Струмица, го довел за учител Арсени Костенцев, родум од Ново Село, Штипско. Иако со неоформено образование (завршил ќелијно и заемно училиште во Штип), Костенцев успешно ја започнал својата дејност како мошне млад и уште неопитен учител и ги поставил основите на македонското народно училиште во селото Робово. Фактот дека во неговото училиште учеле деца не само од селото Робово (45), туку и по 4—5 деца од околните села (Дабилја, С'чево, Муртино, Моноспитово и Банско), а неколку и од Струмица, достатно говори за тоа колку населението од овие места било заинтересирано неговите деца да учат на својот мајчин јазик.

Отпрвин децата учеле во една селска куќа — приспособена за училиште, а од 1863 година во новоизградена зграда за училиште. Не е познато кои предмети Костенцев ги предавал, ниту по кои учебници работел во училиштето во селото Робово. Во своите „Спомени" (стр. 7—8) тој меѓу другото изнесува дека децата учеле од букварите и книгите што ги добивале од книжарницата на Костадин Држилович од Солун, но не ги наведува авторите на учебниците. Сепак, може да се претпостави дека тоа биле учебници од Партенија Зографски („Кратка Священа исторія..." — 1857 и „Началное ученіе за дѣца-та" — 1858), кои тогаш биле во употреба во македонските училишта во јужна Македонија. По Партениевите учебници

работел во училиштето во Кукуш (1857—1859) Димитрија Миладинов, а ги вовел во грчкото заемно училиште во Струга (1857) и Кузман Шакпарев. Но поради недостиг на учебници, кои биле и многу скапи, во училиштата се употребувале и заемни таблици, составени од самиот учител. Костенцев во училиштето во селото Робово се служел веројатно и со заемни таблици, кои ги усвоил од својот заемен учител Павле Грозданов во Штип. Меѓутоа, потребно е да наспомнеме дека како млад, со скудни знаења и недоволно подготвен за наставна работа учител, освен читање, пишување, сметање и знаења од заемните таблици, Костенцев не бил во состојба на своите ученици во училиштата и во економски поразвиените македонски градови во тоа време. И самиот тој во „Спомените“ (стр. 19) истакнува дека за првпат ги вовел предметите: „първо познание, св. история, катахизис, землеописание, българска кратка история, краснописание и пр.“ кога бил учител во селото Ваташа 1866 година. Затоа и неговото училиште во селото Робово треба да го сметаме за основно заемно училиште, кое се ограничувало само на давање на елементарна писменост (читање, пишување и сметање). Но не е исклучено децата во училиштето да учеле и од црковни книги (часослов, псалтир евангелие и др.) и добивале основни знаења за црковниот ред и богослужбата, како што тоа било вообичаено во некои училишта тогаш. Костенцев бил религиозен човек, имал многу убав глас и се здобил со општа популарност како „црковен певец“ кај населението од струмичките села.

Иако бил изложен на постојани и жестоки прогонувања од страна на струмичкиот владика Јеротеј, Костенцев непрекинато работел во селото Робово 4 години (1860—1864). За време на своето учителствување во ова струмичко село тој успеал кај своите ученици и населението да го разбуди чувството за својата народност и да ја развие љубовта кон мајчиниот јазик. По заминувањето на Костенцев за учител во селото Попчево, оддалечено еден час на југ од Струмица, неговите ученици ја продолжиле неговата родољубива дејност на ширењето на писменоста и просветата на народниот јазик и во другите струмички села.

И во селото Попчево, како и во селото Робово, Костенцев отворил народно училиште на мајчин јазик, во кое покрај деца од ова село учеле и 10—15 деца од селата на Дојранската каза. Тука тој развил широка дејност на народното просветување и на негова иницијатива селаните со свои средства и помош од други села изградиле црква и училиште. Но по двегодишното учителствување Костенцев бил принуден од владиката Јеротеј да го напушти селото Попчево и да замине за учител во Ваташа. Така завршила шестгодишната плодна дејност на овој наш истакнат преродбенски учител, за време на која биле поставени цврсти темели на словенската писменост и народната просвета и отстрането духовното и просветното влијание на грцизмот од голем број струмички села.

Преродбата во Струмица отпочнала нешто подоцна од преродбата во струмичките села и била во тесна врска со економскиот

развиток, економскиот подем што таа го достигнала кон средината на XIX век. Променетите услови на економскиот и стопанскиот живот, создадени со развитокот на занаетите и трговијата, привлекувале новодојдени селани од струмичките села, кои го зајакнувале словенско-македонскиот елемент во градот. Од средината на XIX век — со економското јакнење на македонското граѓанство и неговото сè поактивно учество во општествено-економскиот и просветно-културниот живот, почнале постепено да слабеат и позициите на грцизмот во градот. Врските со струмичките села, во кои веќе постоеле македонски народни училишта, како и со некои македонски градови (Велес, Штип и др.), кои тогаш играле значајна улога во преродбенското движење, придонесле во 60-те години во Струмица да се развие борба против грчкиот јазик, грчките училишта и просвета — за македонско народно училиште и словенска црква. Носители на оваа тешка и долгогодишна борба против фанариотското духовенство и гркоманите биле македонските градски првенци, кои, поаѓајќи од национални побуди, а и од образовните потреби на словенско-македонското население во градот, не жалеле материјални средства за ширењето на писменоста и просветата на родниот јазик.

Постојат податоци кои укажуваат дека уште во 1840 година во Струмица било отворено приватно словенско училиште, веројатно ќелијно, но тоа не можело да се одржи подолго време поради силната грчка опозиција во градот. Поверодостојни податоци, меѓутоа, постојат за словенското училиште што било отворено во Струмица во 1860 или 1861 година. Од еден документ што се наоѓа во Државниот архив на СР Србија (Ф. I, Арх. № 104, 1861 г.), дознаваме дека во јануари 1861 година во Белград претстојувал некој си поп Ѓорѓи за да издејствува помош за словенското училиште во Струмица. По препорака на белградскиот митрополит Михаил, Управата на просветата на Србија ѝ наложила на државната печатница во Белград за потребите на словенското училиште во Струмица да издаде извесни количества на учебници.

„31 Януар. 1861

Господине,

Са овимъ писмомъ предстаће вамъ свештеникъ Ђорђе изъ Струмице, близу Солуна съ молбомъ да му дате — подарите школске кньиге за ньіово училиште у Струмици. Онъ е сирома 15. дана путовао и дошао къ нама изъ любави къ православію и веруе да ћемо му помоћи да тамо одржава духъ православія и словенске школе. Поред кньига онъ моли и за неку новчану помоћь коіомъ бы платили учителю; но ако то ніе могуће учинити, неодреците

му баръ школске кньиге и то скоріе, како не бы био великомъ трошку изложенъ.

АЕМ Михаилъ

Инспекторату Типографіе
П № 253
31 Януар 1861 г.
у Београду

Управа просвете препоручуь инспекторату, да свештенику, изъ Струмице у Турской, Ђорђу изда изъ познате количине ове школске кньиге и то:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | штица | 40 ком. |
| 2. | буквара | 40 " |
| 3. | I читанка | 20 " |
| 4. | II " | 20 " |
| 5. | Сабранія молитава | 50 " |
| 6. | Мали Катихизиса | 20 " |
| 7. | мал. свеш. истор. | 20 " |
| 8. | Првы знаня | 20 " |
| 9. | мали рачуница | 20 " |
| 10. | мали землъопис за III раз. | 10 " |
| 11. | Землъопис Срба и ту. цару. | 10 " |
| 12. | мал. срб. граматика | 30 " |
| 13. | мал истр. срб. народа | 40 " |
| 14. | Часловаца | 4 " |
| 15. | Псалтира | 4 " |

Кадъ то инспекторат учини, јавиће управи".

Од овој документ се гледа дека на попот Ѓорѓи за училиштето во Струмица му биле издадени, главно, учебници со световна содржина, кои тогаш биле во употреба во училиштата во Србија. Не е познато дали ова училиште било приватно или општинско, но сосема е извесно дека тоа имало краток век, зашто наскоро по неговото отворање фанариотите и гркоманите го оневозможиле да работи. Во него учител бил Кост. Чуклев. Повторно било отворено народно, словенско училиште 1863 година, но и тоа работело кратко време и ја доживеало судбината на претходното.

Борбата против грчкиот јазик и грчките училишта, за свое народно училиште и словенска писменост и просвета, струмичките граѓани ја продолжиле и во наредните години. Тие се обиделе македонското народно училиште да отворат и во 1867 година. Довеле и учител и за училиште изнајмиле една приватна куќа. Меѓутоа, учителот не можел да остане ниту два месеци. Владиката Јеротеј со различни интриги успеал да го отстрани од градот.

Настојувајќи секако да отворат свое народно училиште, струмичките граѓани преку белградските претставници во Цариград 1867 година упатиле писмо и до турската влада, молејќи ја да одобри во општото училиште во Струмица да се воведе мајчиниот јазик.

„... отъ много время насамъ като имаме желаніе да начнеме ученіе на матерній-тъ ни языкъ, колко пяти поискахме да ставиме наше-то желані въ дѣло, толкова пяти быдохме возбранени затова отъ нашій-тъ духовній-тъ начялникъ Іеротея съ разни интриги, въ кои-то потпомагатъ неколко приверженицы, кои-то ся научени да ся прихраняватъ съ народна потъ. При сичко това, что Високославно-то Царско Правителство чрезъ своето Високо рѣшеніе дало отъ одавна доволеніе, всякой народъ отъ вѣрни-те му поданницы, да ся изображява на *матерній-тъ си языкъ*, нашій-тъ Духовній Начялникъ и приверженицы-те му сосъ всякакво лукаво средство ни возбраняватъ, като и сега отъ три месеца на самъ ни испѫдиха сосъ сила-та на вліяніе-то имъ двамина учителіе, които мы донесохме сосъ иждивеніе на наши собствени заплати, при сичко това, чтото имамы пълно право, да ся заплаща и на народній-тъ учитель отъ обща-та касса, отъ коя-то се заплащатъ и днесъ гърцки-те ни учителіе. И понеже Владыката ни Іеротяя испѫди преди 15 дена учителя и челядъ (дѣчица) та ни ся скитатъ сега по сокаци-те, а мы като нема кждѣ на друго место да се оплачеме, ся принуждавамы да ся отнесемъ до Високославно-то Царско Правителство въ Цариградъ съ едно сыновно прошение, и да го умолиме, что-то съ Нѣговата голѣма мылость да благоволи да ни помилува съ едно нарочно ираде, что-то да можеме слободно безъ всяко прѣпятствіе да воведеме въ общо-то ни народно училеще изученіе на *матерній-тъ ни языкъ*. На основу того умоляваме Васъ Господа представителіе и Ве ополномощаваме съ наши-те потписи, за да подадете въ наше-то имя приключено-то прошеніе на Високославно-то Правителство и да му докажете и устменно наши-те нужди и страданія одъ нашій-тъ Владыка Іеротя, кой-то противъ Царско дозволеніе ни гони *народность-та и языка.*

Струмица на 31 октомбрія 867.

(Слѣдватъ много подписи и печати)."

(Според Йордан Иванов, Българитѣ въ Македония, София, 1917, стр. 314—315.

Во времето до 1870 година, за три години, во Струмица се изредиле уште 4 учители, но сите заедно не учителствувале ниту 2 месеци. И нив грчкиот владика не ги оставил мирно да работат. Во 1868 година во струмичкото народно училиште извесно време учитествувал и Ѓорѓи Милетиќ, Србин од Војводина. Пред доаѓањето во Струмица тој две години (1859—1861) бил учител во „Трговската школа" во Велес, потоа две години (1861/62—1862/63) во Штип — каде што отворил класно училиште и три години (1865—1868) во Кукуш. Тој бил мошне образован и способен учител и

има големи заслуги за реорганизирањето на училиштата на современа, модерна основа во местата каде што учителствувал и воведувањето во нив на световна настава. Соработувал со С. Верковиќ и од него добивал учебници за македонските училишта. Прогонуван од владиката Јеротеј тој бил принуден да ја напушти Струмица и да се погоди за учител во Ваташа 1868 година.

По основањето на македонската црковно-училишна општина 1869 година, македонските граѓани, предводени од своите првенци, биле во можност поорганизирано, поактивно и поенергично да истапуваат со барање за отворање на свое народно училиште. Најпосле, по долгогодишната и упорна борба против грцизмот, со специјално ираде од владата во Цариград, на македонското население во Струмица му било дозволено да отвори свое училиште. Првото македонско општинско народно училиште во Струмица било отворено во февруари 1870 година, а за прв учител општината го назначила архимандритот Агапи Војнов — заслужен деец во ширењето на просветата на народен јазик. Тој дошол во Воден, каде што во 1869 година се обидел да отвори македонско народно училиште. Од својот почеток училиштето во Струмица работело во мошне отежнати услови поради слабата материјална положба на македонската општина, која уште повеќе се влошила по големиот пожар што го погодил градот на 16 август 1869 година, кога речиси целиот изгорел. Немајќи средства за издржувањето на училиштето, општината била принудена со писмо во февруари 1871 година да му се обрати на С. Верковиќ и да го замоли да организира собирање на парични прилози од македонските трговци и занаетчии на панаѓурот во Серес. Парична помош општината побарала и од велешките трговци — браќата Шулеви, со кои Струмица одржувала тесни односи и соработувала.

И покрај закануваањата и постојаните пречки од страна на гркоманите, учителот Војнов останал во Струмица две години — до месец март 1872 година. Една ноќ луѓето на владиката Јеротеј го нападнале и се обиделе да го убијат. Исплашен тој решил да го прекине учителствувањето во Струмица. Заминал за Прилеп, каде што се задржал кратко време. Потоа се обидел да отвори училиште во селото Зарово (Лагадинска каза), но не успеал и потворно отишол во Воден, каде што во веќе отвореното македонско народно училиште учителствувал 9 месеци. По покана на својот поранешен учител Дамаскин, кој тогаш бил владика во Велес, Агапи Војнов пак дошол за учител во Струмица. Но бидејќи не нашол разбирање кај струмичаните, тој отишол за учител во Петрич и тука во септември 1873 година го отворил првото македонско народно училиште.

Ете, во какви, мошне тешки и сложени услови и околности, се одвивала борбата на македонското население во Струмичко и Струмица за самостоен просветно-културен и национален живот до 70-те години на XIX век. Потоа започнатиот процес на неговата култура и национална преродба бил попречен од настаните на таканаречената Источна криза, а во 80-те години и од засилената деј-

ност на бугарската и грчката, како и на католичката и протестантската пропаганда. Користејќи го незадоволството на македонското население против омразената Цариградска патријаршија, во 80-те и особено во 90-те години Егзархијата отворила бугарски училишта во голем број струмички села. Во 1881 година таа успеала да отвори бугарско училиште и во Струмица, но тоа работело само две години, зашто гркоманите го затвориле. Повторно бугарското основно училиште било отворено во Струмица во 1892 година. Истата година било отворено и класно училиште, кое во учебната 1895/96 година прераснало во трикласно училиште. Сепак до балканските војни (1912—1913) грцизмот во Струмица ги задржал своите позиции, за што говори и фактот дека до тоа време 3/4 од нејзиното население било гркоманско.

## ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА


Спомени на Арсени Костенцев, Сборник на БАН, кн. VI. София, 1916.

Документи за българското възраждане от Архива на Стефан И. Веркович 1860—1893, Изд. на БАН, София, 1969.

Йордан Иванов, Българите в Македония, София, 1917.

Йордан Иванов, Сѣверна Македония, София, 1906.

Државен архив на СР Србија, Ф. I, Арх. № 104. 1861.

Ил. Иванов, Црковно-училишното дело в Струмишко, сп. Илюстрация Илинден, кн. 3, София, 1939.

Историја на македонскиот народ. II, Скопје, 1969.

Стилиян Чилингиров, Българските читалища преди освобождението. Принос към историята на българското възраждане, София, 1930.

Бранко Панов, Црковно-просветните борби во Струмичко во XIX век, Гласник на Институтот за национална историја, г. III, бр. 2. Скопје, 1959.

Д-р Ристо Кантарџиев, Македонското преродбенско училиште, „Култура“, Скопје, 1965.

Ристо Кантарџиев, Заемните училишта во Македонија. Годишен зборник на Филозофскиот факултет кн. 22, Скопје, 1970.

Ристо Кантарџиев, Класните училишта во Македонија, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, кн. 23. Скопје, 1971.

Манол Пандевски, Преродбенското движење во Струмичко до 70-тите години на XIX век, Школството, просветата и културата во Македонија во времето на Преродбата — Изд. на МАНУ, Скопје, 1979.

**Периодика**: в. „Македония“ Цариград, No 31 од 7. III. 1870 и No 87 од 10. X. 1870.

*RISTO KANTARDŽIEV*

# OUVERTURE DES ECOLES PUBLIQUES A STRUMICA ET DANS SES ENVIRONS DANS LES ANNEES 60 ET 70 DU XIXe SIECLE

RÉSUMÉ

A l'époque de la rennaissance nationale qui se produisit en Macédoine vers la moitié du XIX$^{e}$ siècle, nombre d'écoles furent ouvertes dans les villes et aussi dans un grand nombre de villages macédoniens. Ces derniers, en rejetant l'influence spirituelle grecque, éprouvaient un besoin impératif d'établir, eux aussi ensignement en langue maternelle Dans la région dout il est question, il existait en un effet, un certain nombre de villages oû la lutte contre l'église grecque et le joug spirituel qu'elle imposait avait commencé bien avant que cela se soit produit dans la ville de Strumica qui, à cette époque-lá était entièrement soumise au pouvoin grec. Des 1850 était ouverte une école publique dans le village de Novo Selo, en 1863 à Robovo, en 1866 á Popčevo, Dabilja, Vasilevo, Murtino, Boilovo, Vodoča et Monospitovo les suivirent peu après, et beacoup d'autres villages du département de Strumica s'empressèrent à suivre leur exemple.

Des écoles publiques, ensignant en langue maternelle, furent ouvertes un peu plus tard dans la ville de Strumica ellemême. En 1867 ses habitants essayérent de faire ouvrir une école publique slave pour laquelle ils engagèrent un instituteur, mais il fut bientôt expulsé de la ville par l'évêque grec, Jerotej. Jusqu'en 1870, quatre autres instituteurs furent éloignés de la ville par le même évêque. Ils n'enseignèrent tous ensemble qu'environ deux mois. Ce u'est qu Aprés une longue lutte acharnée contre la propagande grecque, que la population macédoienne de Strumica réussit à obtenir un décret (iradet) du Gouvernement de Constantinopole lui permettaut d'ouvrir sa propre école macédonienne. Cela fut réalisé en fevrier 1870, et, le premier instituteur qui fut nommé par la communauté de la ville, était Agapij Vojnov, combattant de mérite pour l'indépendance de l'enseignement populaire en Macédoine. Malgré les menaces et les obstacles dressés par les sympathisants grecs, il ne quitta pas son poste à Strumica où il enseignait pendant deux ansjusqu' au mois de mars 1872.

Dans les années 70 du XIX$^{e}$ siècle, dans la ville, aussi bien que dans la région entière de Strumica, s'entrecroisaiente de plus en plus les influences bulgare et grecque, ainsi que les propagandes catholique et protestante. Dans les années 80 et surtout 90 du siècle, l'Exarchie fit inaugurer des ècoles bulgares dans nombre de villages de la région de Strumica. En 1881 elle réussit à en inaugurer une dans la ville ellemême, mais cette école ne fonctionna que pendant deux ans. Ne renonçant pas à son intention, elle renouvela son acte en 1892, ouvrant une école secondaire qui, en 1895 comprenait trois classes.